

ОВА Е ПОСЛЕДНАТА ТВОЈА ОЛ-ИН ИГРА! ОВА Е ПОСЛЕДНАТА РАКА НА НЕУКИОТ КОЦКАР КОЈ ШТО ВЛЕТА ВО КРВАВА ИГРА- МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ДА ГО ПРЕТВОРИ ВО ВЕШТАЧКА НАЦИЈА!! НЕ ПОСТОИ НАРОД, ОСОБЕНО НЕ НА БАЛКАНОТ, ЧИЈА ШТО ЕТНИЧКА КАРТА Е ИСТА СО ПОЛИТИЧКАТА КАРТА НА ДРЖАВАТА! НАРОД БЕЗ СВОЕ МАЛЦИНСТВО ВО СОСЕДСТВОТО Е ТОКМУ ТОА- ВЕШТАЧКА НАЦИЈА! ЗОРАН ЗАЕВ, ПО 100ТИНА ГОДИНИ ПОВТОРНО ГИ ОДДЕЛИ МАКЕДОНСКИТЕ СЕМЕЈСТВАТА, ОДДЕЛИ БРАТ СО БРАТ!

ПОТПИША ДОГОВОР СО КОЈ ШТО МАКЕДОНЦИ ПОВЕЌЕ НЕМААТ РОДНИНИ ВО ЕГЕЈОТ!

ПРЕГОВАРА МАКЕДОНЦИТЕ ПОВЕЌЕ ДА НЕМААТ РОДНИНИ ВО БУГАРИЈА!!

ДОЗВОЛИ ДА БИДАТ ПОБУГАРЧЕНИ МАКЕДОНЦИТЕ ОД МАЛА ПРЕСПА, КОРЧА, ОД ГОРА ВО АЛБАНИЈА!!

ЗОРАН ЗАЕВ ГО ПРАВИ ОНА ШТО НИЕДЕН ОКУПАТОР НЕ УСПЕАЛ ДА ГО НАПРАВИ!!

ДА ГО ОДЗЕМЕ ЈАЗИКОТ, ДА ЈА ОДЗЕМЕ ИСТОРИЈАТА, ДА ЈА ОДЗЕМЕ СЛОБОДАТА И ПРАВОТО НА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ! Е ЗОРАНЕ ЗАЕВ, НЕМА ДА УСПЕЕШ НИТУ ТИ!

НЕ ПОСТОИ НАРОД ЧИЈ ШТО ПОЛИТИЧАР ТРГНА СО ОБВИНУВАЊА ЗА СВОЈАТА ЗЕМЈА-САМО ЗА ЗОРАН ЗАЕВ МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ СЕ ВИНОВНИ ЗА СЕ!

НЕ ПОСТОИ ПОЛИТИЧАР ВО СВЕТОТ ЧИЈА ШТО РАКА СТАВЕНА НА СРЦЕ Е РАКА СО КОЈА ГО ПОДЕЛИ СВОЈОТ НАРОДОТ!

НЕ ПОСТОИ ПОЛИТИЧАР ВО СВЕТОТ ШТО ГО ОБЕЗЛИЧИЛ СВОЈОТ НАРОД- ДА МУ ГО ЗАБРАНИ ИМЕТО!

ЕЕЕЕЈ, НЕМА МАКЕДОНСКИ ТЕАТАР, НЕМА МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА, НЕМА МАКЕДОНСКИ ФОЛКЛОР, НЕМА МАКЕДОНСКА КУЛТУРА- ГИ БРИШЕ МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, ЈА БРИШЕ МАКЕДОНИЈА!

НЕ ПОСТОИ ПОЛИТИЧАР КОЈ ШТО СВОЈАТА ДРЖАВА ЈА ПРЕТВОРИЛ ВО ТЕРИТОРИЈА ОД КОЈА ШТО СЕКОЈ МОЖЕ ДА СЛОБОДНО ГРАБА ШТО ЌЕ ПОСАКА! ЗА ДА ГРАБА И ТОЈ! ЛОШ КОЦКАР НА КОГО МУ ЛЕПИ РАКАТА!

ЗОРАНЕ ЗАЕВ, СТОЈАМ ТУКА, НА БУЛЕВАРОТ ИЛИНДЕН!!! ЗНАЕ ЛИ ЗОРАН ЗАЕВ ЗОШТО ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА Е НА БУЛЕВАРОТ ИЛИНДЕН?

ЗАТОА ШТО ИЛИНДЕН Е ТЕМЕЛОТ НА МАКЕДОНИЈА, БРЕ НЕУК!!! ИЛИНДЕН Е ПРАЗНИКОТ НА СИТЕ МАКЕДОНЦИ КОЛКУ И ДА ГИ ДЕЛЕЛЕ И ДА ГИ РАСЕЛУВАЛЕ ВО СВЕТОТ!

ЗОРАН ЗАЕВ ГО ПОГАЗИ, ГО ОБЕСЧЕСТИ ИЛИНДЕН.

ЗОРАН ЗАЕВ ГО ОБЕСЧЕСТИ ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ.

ЗОРАН ЗАЕВ ГО ОБЕСЧЕСТИ АСНОМ!

ГИ ОБЕСЧЕСТИ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, ПИТУ ГУЛИ, ДАМЕ ГРУЕВ.

ГИ ОБЕСЧЕСТИ ПАНКО БРАШНАРОВ, ЧЕНТО, ОРЦЕ НИКОЛОВ, ГИ ОБЕСЧЕСТИ КОЧО РАЦИН, ЦВЕТАН ДИМОВ, РАДЕ ЈОВЧЕВСКИ- КОРЧАГИН.

ГИ ОБЕСЧЕСТИ ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ, БАЈРАМ ШАБАНИ, БОРО ПЕТРУШЕВСКИ; ОНИЕ КОИ ШТО СЕ БОРЕЛЕ ЗА СЛОБОДНО КУМАНОВО ОД ТВОИТЕ АДМИНИСТРАТОРИ , ЗОРАНЕ;

ЗАЕВ ГО ОБЕСЧЕСТИ КОЧО БИТУЉАНУ, ЕДЕН ОД ОСЛОБОДИТЕЛИТЕ НА СКОПЈЕ, ХЕРОЈОТ, АТЕНТАТОРОТ НА КРВНИКОТ МАНЕ МАЧКОВ. А ЗОРАН ЗАЕВ СЕГА ГО ПРЕТВОРИ МАНЕ МАЧКОВ ВО АДМИНИСТРАТИВЕЦ! ОНОЈ МАНЕ МАЧКОВ ШТО УЧЕСТВУВАЛ ВО ФРЛАЊЕТО НА ЦВЕТАН ДИМОВ ОД 4 КАТ НА ПОРАНЕШЕН МОНОПОЛ!

АДМИНИСТРАТОРУ ЗАЕВ, ТОА ЛИ Е АДМИНИСТРАЦИЈА??

НИЕДЕН НАРОД НИЕДНА ДРЖАВА НЕ МОЖЕ БЕЗ ИСТОРИЈА. ТАА Е КАКО СЕНКА, КАДЕ И ДА СЕ ЗАВРТИШ, ТАА Е ТУКА.

ЗОРАНЕ ЗАЕВ, ПРОЧИТАЈ ГИ ПОВТОРНО „ЧУДНИТЕ ДОЖИВУВАЊА НА ПЕТЕР ШЛЕМИЛ“. ТОЈ СИ ЈА ПРОДАЛ СЕНКАТА, КАКО ТИ ИСТОРИЈАТА. И ЕДЕН ДЕЛ ОД НА ПОЧЕТОКОТ КНИГАТА Е НАРЕЧЕН „МЕ ПРЕЧЕКУВААТ КАКО ЦАР“, НО КОН КРАЈОТ ВЕЛИ „ПРОТЕРАН КАКО СЛУГА НА ЃАВОЛОТ“!!! ИМАЈ ГО ТОА НА УМ!!

ЗОРАНЕ ЗАЕВ, ГО ПРОДАВАШ ТЕМЕЛОТ НА НАШАТА ДРЖАВНОСТ! ГО ПРОДАВАШ МИТОТ ЗА МАКЕДОНИЈА! ГО ПРОДАВАШ МИТОТ ЗА БОРБАТА ЗА МАКЕДОНСКА САМОБИТНОСТ!

ЗОРАНЕ ЗАЕВ, НЕ МИ Е ГАЈЛЕ ШТО ГО ПРОДАДЕ МИТОТ ЗА ДРЖАВОТВОРНОСТ НА ТВОЈАТА ПАРТИЈА, НО ЗА ПРОДАЖБАТА НА МАКЕДОНСКАТА САМОБИТНОСТ- Е ЌЕ ОДГОВАРАШ!!!

ЗОРАНЕ ЗАЕВ, ОСТАВЕН СИ САМ ТАМУ ГОРЕ, ЗАТВОРЕН МЕЃУ АЈДУЦИ НА КОИ И САМ ПРИПАЃАШ! ГЛЕДАШ ЛИ КОЈ ТЕ БРАНИ: ДРАГИ РАШКОВСКИ- КРИМИНАЛ ЛЕОНАРДО! ВЛАДО БУЧКОВСКИ- ТЕНКОВСКИ ДЕЛОВИ И БАЧИЛО! РЕКЕТАРИ И АПАШИ, ТОА СЕ ЛУЃЕТО ШТО ТЕ БОДРАТ!

СИН НА КРАДЕЦ НА СТРУЈА! НЕКОЛКУПАТИ ПОМИЛУВАН КРИМИНАЛЕЦ! РАСПРОДАВА ДРЖАВА, НАРОД, ИСТОРИЈА И ЈАЗИК, САМО ЗАТОА ШТО МУ ЛЕПИ РАКАТА И СЕ ПЛАШИ ОД ЗАТВОР- Е ПА ЌЕ ЛЕЖИШ!

ТУКА СУМ ДОЈДЕН ДА ТИ КАЖАМ- ЌЕ ЛЕЖИШ!!!

ЗОРАНЕ ЗАЕВ, АКАДЕМИЈАТА, ЦРКВАТА И УНИВЕРЗИТЕТОТ СЕ СПЛОТИЈА ЗАЕДНО ПРОТИВ ТЕБЕ! ТИ ГО ОТФРЛИЈА ТВОЕТО ОБЕЗЛИЧУВАЊЕ!

СЕ ОБЕДИНИ РЕЛИГИЈАТА СО НАУКАТА, ЗОРАНЕ, ПРОТИВ ТВОЕТО ГАЗЕЊЕ ВРЗ АВТОХТОНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И ТВОЕТО НЕГИРАЊЕ НА НЕГОВИОТ ИСТОРИСКИ, ЈАЗИЧЕН, КУЛТУРЕН И РЕЛИГИСКИ КОНТИНУИТЕТ!

СЕ СПЛОТИЈА НАУКАТА И РЕЛИГИЈАТА, ЗОРАНЕ, ПРОТИВ ТЕБЕ!

ПРИФАТИ ДА ГИ ТРГНЕ СВЕТИТЕ ЗЛАТНИ БУКВИ ОД ОВАА ЗГРАДА!! ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА! И’ ПОСТАВИ ТАБЛА, КАКО ШТО ПОСТАВИ ТАБЛИ НА МАКЕДОНСКИТЕ СПОМЕНИЦИ!

ЗОРАНЕ ЗАЕВ, ЈА ОДЗЕМАШ ИСТОРИЈАТА НА МОИТЕ ПРЕТЦИ, А СЕГА ПОСЕГНА И ПО ИДНИНАТА НА МОИТЕ ДЕЦА! ИМ СОЗДАДЕ ПОВЕЌЕ ПРОБЛЕМИ ОД КОГА И ДА ИМАЛА МАКЕДОНИЈА! СИТЕ НЕЈЗИНИ ПОЗИЦИИ ГРАДЕНИ СО ДЕЦЕНИИ СО УМ, БЕЗУМ ГИ СРУШИ!

МАКЕДОНИЈА СЕ УШТЕ ГИ НОСИ ИДЕАЛИТЕ, СЕ УШТЕ СЕ ЖИВИ ИДЕИТЕ НА ГОЦЕ, НА ИЛИНДЕНЦИТЕ, НА АСНОМЦИТЕ, ИДЕИТЕ ЗА ПРИПАДНОСТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ЕДНАКОВ СО МОДЕРНИОТ СВЕТ!

А ЗОРАН ЗАЕВ СЕ ОБИДУВА СО СИТЕ СИЛИ НИВ, ВО ОЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, СВЕТОТ ДА ГО ПРЕТВОРИ ВО НЕПОСАКУВАНИ НЕПРИЈАТЕЛИ!

Е ПА НЕ МОЖЕ! МАКЕДОНИЈА ИМА САМО ЕДЕН ВИНОВНИК ЗА ОВАА СИТУАЦИЈА А ТОА СИ ТИ, ЗОРАНЕ ЗАЕВ!

ТИ СИ ТОЈ КОЈ ШТО ГИ УРНИСА ПОЗИЦИИТЕ, ТИ СИ ТОЈ КОЈ ШТО ЈА РАЗВИ

БЛУДТА КАЈ СОСЕДИТЕ, ТИ СИ ТОЈ КОЈ ШТО ГИ ЗАЦРНИ ЕВРОПСКИТЕ ВРЕДНОСТИ! И ЗА ТОА ЌЕ ОДГОВАРАШ!

ЗОРАНЕ ГОТОВ СИ, ЗАМИНИ СИ САМ ПОБРЗО, ЗА ПОБРЗО ДА ЈА ВРАТИМЕ МАКЕДОНИЈА ОНАМУ КАДЕ ШТО ПРИПАЃА, НА ЦИВИЛИЗИРАНИОТ СВЕТ КАДЕ ШТО СЕ ПОЧИТУВА ОСНОВНОТО ЧОВЕКОВО ПРАВО НА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ, СО ПРАВО НА ЈАЗИК, ИСТОРИЈА И КУЛТУРНА ПОСЕБНОСТ!

СЕ ПОНАТАМУ ЌЕ ЗАВРШИ СО ЦРН НАСЛОВ „ПРОТЕРАН КАКО СЛУГА НА ЃАВОЛОТ“!!!

Скопје, 4.12.2020

Бул. Илинден, пред бр 2